Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, члeновите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски и Тања Чачарова од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Дополнет предлог буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

2. Предлог-ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2025 година

3. Предлог-стратегија за управување со јавниот долг  на Република Северна Македонија за период 2021-2025 година

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот

5. Информација за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата, со предлог – одлуки

6. Предлог-одлука за финансиска поддршка на филмски работници

7. Предлог-одлука за финансиска поддршка на уметници и на културни работници

8. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (30.000.000,00 денари на Општина Арачиново, како еднократна неповратна финансиска поддршка, за справување со потешкотиите во тековното работење настанати поради COVID – 19 кризата)

9. Информација за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција

10. Предлог-одлука за висината на референтните цени за  извоз на флаширано вино и вино во цистерни

11. Информација за запознавање со состојбата во врска со процесот на проценка и утврдување на висина на штетата настаната на движниот и недвижен имот на подрачјето на Охридскиот и Струшкиот Регион на 17 март 2018 година

12. Информација за работењето на Работната група за следење на постапувања по барањата, претставките и предлозите на органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази, согласно заклучоците по точка 26 од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија за период од 15.5.2019 до 15.5.2020 година

13. Информација за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.143/2020)

14. Барање од Друштвото „Унимеркант – Кетеринг“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје за одобрување ослободување од плаќање закупнина

15. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Ресен

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

18. Информација за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, со Предлог-одлука

19. Информација за обезбедување на финансиска гаранција за плаќање по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Дополнетиот предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2021 година и согласно расправата на седницата го утврди со следните заклучоци:

1. Кај буџетскиот корисник Уставен суд на Република Северна Македонија да се предвидат дополнителни средства во износ од 9.000.000,00 денари, во делот наменет за плати и надоместоци.

Средствата да се реалоцираат од буџетскиот корисник Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација од делот наменет за плати и надоместоци.

2. Согласно укажаните потреби со Дополнетиот буџет на Република Северна Македонија за 2021 година да се обезбедат дополнителни средства за постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко- технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис.

3. Кај буџетскиот корисник Министерство за животна средина и просторно планирање да се намалат средства во износ од 79.400.000,00 денари од потпрограма 2Е, ставка 464 и овие средства да се реалоцираат во потпрограма 25 ставка 482.

4. Пречистениот текст на Дополнетиот предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипуновска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2025 година и ја донесе Ревидираната фискална стратегија која Министерството за финансии ќе ја усогласи согласно укажувањата изнесени од секретарот на Секретаријатот за законодавство, во насока периодот на важноста на истата да се усогласи согласно Законот за буџети (за три години), со проекција до 2025 година со дополнување и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Предлог-стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за период 2021-2025 година и ја донесе Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за период 2021-2023 година (со изгледи до 2025), која Министерството за финансии ќе ја усогласи согласно укажувањата изнесени од секретарот на Секретаријатот за законодавство, во насока периодот на важноста на истата да се усогласи согласно Законот за буџети (за три години).

**Точка 4**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата, со предлог – одлуки, за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 11 декември 2020 година (петок).

**Точки 6 и 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за финансиска поддршка на филмски работници и Предлог-одлуката за финансиска поддршка на уметници и на културни работници, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2020 година (петок).

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (30.000.000,00 денари на Општина Арачиново, како еднократна неповратна финансиска поддршка, за справување со потешкотиите во тековното работење настанати поради COVID – 19 кризата) за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2020 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција, како материјал за информирање, имајќи предвид дека потребите средства во врска со ова прашање се предвидени во Дополнетиот предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година (точка 1 од Дневниот ред на оваа седница).

**Точка 10**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за висината на референтните цени за извоз на флаширано вино и вино во цистерни и условно ја донесе Одлуката, доколку текстот на истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерство за финансии-Царинска управа.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за запознавање со состојбата во врска со процесот на проценка и утврдување на висина на штетата настаната на движниот и недвижен имот на подрачјето на Охридскиот и Струшкиот Регион на 17 март 2018 година заради неповолни климатски настани, за наредната седница на Владата.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Работната група за следење на постапувања по барањата, претставките и предлозите на органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази, согласно заклучоците по точка 26 од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија за период од 15.5.2019 до 15.5.2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на државните органи:

- Да постапуваат по поднесените претставки и барања на граѓаните - жртви на политичко мотивираните и полициско монтираните случаи и притоа, да го имаат предвид квалитетот, процесната форма и сила на податоците и информациите кои се доставуваат во одговорите и целите кои треба да се остварат, согласно процесните закони;

- Работната група и надлежните институции да го следат постапувањето на правосудните органи по поднесените редовни и вонредни правни лекови во кои се приложени факти и докази од жртвите на политички мотивираните случаи, прибрани согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија и согласно своите надлежности да укажуваат, доколку се појават недоследности во постапувањето, односно опасност од застарување на судските предмети поради долгото траење и

- Повредите на човековите права во постапувањето на овластени службени лица, со злоупотреба на службените овластувања и положба, кои ќе бидат констатирани при постапување по претставките и предлозите, итно да бидат процесуирани согласно законот, видот и карактерот на повредите на законот и подзаконските прописи.

2. Го продолжи периодот за кој е формирана Работната група за следење на постапувања по барањата, претставките и предлозите на органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази, за уште една година, сметано од 15.5.2020 година.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.143/2020), за седницата на Владата, што ќе се одржи на 11 декември 2020 година (петок).

**Точка 14**

Владата го разгледа Барањето од Друштвото „Унимеркант – Кетеринг“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје за одобрување ослободување од плаќање закупнина и го усвои со следниов заклучок:

- Владата на Република Северна Македонија во својство на единствен содружник му препорачува на Друштвото „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, да склучи соодветни анекси на договорите со „Унимеркант – Кетеринг“ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со кои истиот ќе биде ослободен од плаќање закупнина до 31.5.2021 година, како и да ги продолжи договорите за закуп за период од 1 една година, период кој одговара на периодот во кој закупецот не може да ја обавува својата дејност.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Ресен и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и кон Одлуката да се приложи образложение.

**Точка 16**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 17**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 2 декември 2020 година до 8 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за пристигнати Изјави од компании до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот во Република Северна Македонија за пропуштање на рокови за доставување Барања за исплати по Законот за финансиска поддршка за инвестиции, ја усвои и ја задолжи Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот во Република Северна Македонија да ги уважи пристигнатите Изјави и со допис да побара да и бидат вратени Барањата со пропратната документација, да ги прегледа пристигнатите Барања на компаниите и потоа истите да бидат доставени до Владата на Република Северна Македонија – Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции за понатамошна обработка и исплата на финансиски средства.

**3.** Владата ги задолжи сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, согласно Предлог – буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во редовна владина постапка веднаш да ги доставаат предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за

работа, со пополнети табеларни параметри согласно урнеците за финансиско информирање од претходните години) за користење на средства за 2021 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, со цел истите да се разгледаат на тематска седница на Генералниот колегиум на државни секретари и на седници на работните тела на Владата.

За оваа цел, сите предлог – програми за работа за 2021 година, финансиски планови, инвестициони програми и слично, претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како и до другите ресорно надлежни институции, со цел навремено усогласување на истите и нивно доставување до Владата, најдоцна до 18.12.2020 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, со Предлог -одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Согласно укажувањето на секретарот на Секретаријатот за законодавство донесе Одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиска гаранција за плаќање по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Анализата на Министерството за финансии на понудите на „Комерцијална банка" АД Скопје и на „НЛБ Тутунска банка" на финансиска гаранција на износ од 7.457.140 американски долари, врз основа на која анализа Министерството за финансии известува дека е поповолна понудата на „Комерцијална банка" АД Скопје.

2. Го задолжи Министерството за здравство од нејзино име да достави до Комерцијална банка АД Скопје Барање за издавање на финансиска гаранција за плаќање по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за

вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |